„Не изучувајте го знаењето за да се фалите пред учените, ниту за да расправате со незнајковците

Џабир бин Абдуллах, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не изучувајте го знаењето за да се фалите пред учените, ниту за да расправате со незнајковците, ниту за да барате почесни места. Кој го прави тоа, ќе биде во Огнот, Огнот!“

[صحيح] [رواه ابن ماجه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупреди против барањето на знаење за да се фалиме и гордееме пред учените, за да се покажуваме дека сме и ние учени како нив, или за да расправаме со неразумните и неинтелигентните луѓе, или за да се истакнуваме и да бараме почесни места во седенките пред другите. Оној кој го прави тоа, ја заслужува џехенемската казна поради своето преправање и недостаток на искреност во барањето на верското знаење заради Аллах.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65047